## В САБОТА ВО САЛОНОТ НА МНТ

# Две балетски премиери

В сабота во Салонот на МНТ, со почеток во 19.30 часот, ќе се одржат две балетски премиери – „Копелија" и „Големиот Бах". Првиот е комбинација меѓу модерен и класичен балет е работен според музиката на Д. Делиб и групата „Резиденс". Кореографијата е на Ирена Лозинска, а во претставата ќе учествуваат Елена Спасовска, Иво Караѓорѓиев-гостин од Софија, Билјана Пашариковска, Тамара Анастасова и помладиот дел од ансамблот на Балетот на МНТ.

Втората балетска премиера – „Големиот Бах" претставува кореографија на Екрем Хусеин – класичен балет според музиката на Јохан Себастијан Бах. Костимите и сценографијата се на Јасмина и Љупка Ристовски. Настапуваат Зоица Пуровска, Зоран Велевски, Катарина Кипровска, Зоран Велевски, Зоран Божинов и помладиот дел од балетскиот ансамбл на МНТ. **В. Д.**

Н.М. 1-II-95 стр